ОКТА
МЕМО

0201- 1077/20-8
02.06.2020

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот и член 365 став 1 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својата 30-та седница на Годишното Собрание, одржана на ден 02.06.2020 година ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за определување на награда на неизвршните членови на Одборот на директори

### Член 1

Неизвршните и неизвршните и независни членови на Одборот на директори имаат право на награда, во форма на месечен паушал, во нето износ од 1.000 ЕУР за секој месец од нивниот мандат, без оглед на бројот на состаноци на кои присуствувале или дали воопшто присуствувале на состанок на Одборот на директори во соодветниот месец.

Неизвршните и неизвршните и независни членови на Одборот на директори имаат право на пропорционален цел од наградата согласно став 1 од овој член и за периоди кои не сочинуваат полн месец (на почетокот и крајот на нивниот мандат, во случај на промена на нивното својство од неизвршен во извршен член и обратно, итн.), доколку во текот на таквиот месец не се одржал ниту еден состанок на Одборот на директори, но доколку еден или повеќе состаноци се одржале во соодветниот месец, со учество на членот на Одборот на директори, ќе биде исплатен полниот износ, без оглед на бројот на денови во кои во таквиот месец бил на функција.

Неизвршните и неизвршните и независни членови на Одборот на директори имаат право на надомест на патните трошоци и трошоците за сместување поврзани со вршењето на нивната функција, како и на други надоместоци, трошоци и поволности утврдени со закон, со Статутот на Друштвото или со некој Правилник.

Правата утврдени во овој член соодветно ќе се применуваат и на вршителите на должност неизвршен и неизвршен и независен член на Одборот на директори.

### Член 2

Исплатата на наградата предвидена во член 1 став 1, 2 и 4 ќе се врши најдоцна 15 (петнаесет) дена по завршување на соодветниот месец.

За членови на Одборот на директори кои се државјани на Република Северна Македонија, исплатата ќе се врши во денарска противвредност согласно средниот курс на НБРСМ за еврото на денот на исплатата.

Трошоците од член 1 став 3, доколку истите ги платил директно членот на Одборот на директори, ќе бидат надоместени во рок од 1 (еден) месец сметано од денот на доставување на прифатлив доказ за основот и висината на таквиот трошок.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се применува од 01.01.2020 година. Наградата акумулирана од 01.01.2020 година до денот на влегување во сила на оваа Одлука, ќе се исплати во вкупен износ најдоцна до 15.06.2020 година.

Оваа Одлука ги заменува сите досегашни општи и посебни одлуки на Друштвото со кои се определува наградата и надоместувањето на трошоците на неизвршните и неизвршните и независни членови на Одборот на директори.

Годишно Собрание на акционери
Претседавач,

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво